РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
17.01.2017
Прилог: Вредност:
09 93/1

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје
За Настава/Науки
Датум: 16.01.2017
Потпис:

Бр. 10-53/1
10-1 2017
Скопје

**ПРЕДМЕТ: Конкурс за доделување стипендии за целосни студии и размена на студенти од УКИМ од страна на Институтот за технологија во Пекинг, Кина (Beijing Institute of Technology – BIT) за академската 2017/2018 година**

**Почитуван Декане,**

Ве известуваме дека Институт за технологија, Пекинг, Кина (Beijing Institute of Technology – BIT) достави информација до Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" за доделување стипендии за целосни студии и размена на студенти од сите три циклуса студии за академската 2017/18 година.Понудени се два вида стипендии:

- **3 целосни стипендии CSC (China Scholarship Council)** за студенти од **втор** и **трет** циклус, која опфаќа: покривање на школарината, сместување, здравствено осигурување и надоместок за месечни трошоци за живот (околу 410 евра за мастер и 480 евра за докторанди), додека трошоците за патување се на товар на апликантот. Мастер програмата е во траење од 2 години, а докторските студии се во траење од 4 години.
  **Рокот за доставување предлог-кандидати до Ректоратот на УКИМ е 15 февруари 2017 година.**

- **5 стипендии стипендии BIT** за размена на студенти од **сите три циклуса** (освен додипломци на прва година студии) во времетраење од еден или два семестра, која опфаќа покривање на школарината и сместување во кампус. Кандидатите ќе бидат вклучени во редовна настава на англиски или кинески јазик.
  **Рокот за доставување предлог-кандидати до Ректоратот на УКИМ е 10 мај 2017 година.**

За повеќе информации околу наставните програми и условите за студирање можете да ја посетите официјалната интернет-страница на Пекиншкиот институт за технологија на англиски јазик: www.bit.edu.cn

**Напомена:** *Предложени области за студентите од втор циклус се: хемија; хемиско инженерство и технологија; компјутерско инженерство и технологија, контролно инженерство; електроника; информациско и комуникациско инженерство; право; машинско инженерство; софтверско инженерство.*
Пекиншкиот институт за технологија-BIT прифаќа само официјално номинирани апликации од страна на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Индивидуални апликации не се прифаќаат.

Ве молиме најдоцна до **15 февруари 2017 година за CSC стипендии и 10 мај 2017 година за BIT стипендии** да ни испратите официјално писмо на рангирани кандидати согласно успехот, познавање англиски јазик и мотивација.

Со почит,

**ПРОРЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
**Проф. Гордана Јосифова-Неделковска**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**Копија до:**
**Еразмус+ координатор**